Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 41.4-21/30
09. 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

*Комисија за човечки ресурси и одржлив развој*

*Komisioni për burime njerëzore dhe zhvillim të qëndrueshëm*

# ЗАПИСНИК

**од Шеесет и осмата седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и осмата седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 септември 2023 година**

Седницата започна во 10.30 часот.

**На седницата претседаваше** м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и претседател на Комисијата.

**На седницата присуствуваа:** доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, асс.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

**На седницата присуствуваа и кандидатите:** Киро Кировски, Кристина Стојанова, Ленче Рунтева, Марија Андонова Стоименова и Дарко Кузев.

*

* *

Врз основа на Предлогот на Дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Комисијата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Шеесет и шестата седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, одржана на 11 септември 2023 година

1. Интервју со кандидатите кои ја поминаа административната селекција по објавениот Јавен повик бр.02/2023 за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, од 16.8.2023 година

*

* *

Комисијата без забелешки го усвои Записникот од Шеесет и шестата седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, одржана на 11 септември 2023 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Комисијата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на Владата на Република Северна Македонија **по објавениот Јавен повик бр.02/2023** за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип, од 16.8.2023 година, **а во врска со одредбите од Законот за јавните претпријатија** („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022) **и Правилникот** за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/2022), **како и врз основа на Извештајот** од Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, од 11 септември 2023 година, согласно кој **5 кандидати ја поминаа административната селекција**, **СО ИСТИТЕ на 18 септември 2023 година, СПРОВЕДЕ ИНТЕРВЈУ и бодување и ја утврди следната Ранг-листа на кандидати:**

**Ранг - листа на кандидати со освоени бодови од административната селекција и спроведеното интервју:**

| Реден број | Име и презиме | бодови од административна селекција | бодови од спроведено интервју | ВКУПНО БОДОВИ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Киро Кировски | 41 | 35.6 | 76.6 |
| 2. | Кристина Стојанова | 26 | 33.3 | 59.3 |
| 3. | Ленче Рунтева | 26 | 29.5 | 55.5 |
| 4. | Дарко Кузев | 20 | 35 | 55 |
| 5. | Марија Андонова Стоименова | 21 | 33.3 | 54.3 |

- Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, врз основа на член 17-г од Законот за јавните претпријатија и член 7 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија, а согласно освоените бодови на кандидатите добиени од административната селекција и спроведеното интервју по објавениот Јавен повик бр.02/2023 за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип **ЈА УТВРДИ РАНГ-ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИ, кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција и заклучи истата да ја достави до Владата:**

**РАНГ-ЛИСТА НА КАНДИДАТИ, кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција:**

| Реден број | Име и презиме | ВКУПНО БОДОВИ |
|---|---|---|
| 1. | Киро Кировски | 76.6 |
| 2. | Кристина Стојанова | 59.3 |
| 3. | Ленче Рунтева | 55.5 |
| 4. | Дарко Кузев | 55 |
| 5. | Марија Андонова Стоименова | 54.3 |

**Исто така, Комисијата заклучи Владата при донесување на одлуката за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, да има во предвид дека:**

1. Кандидатот Дарко Кузев, кој е актуелен советник во Советот на општина Пробиштип, ја информира Комисијата дека доколку биде именуван за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, **нема да се откаже од функцијата советник во Советот на општина Пробиштип**, со оглед дека постои конфликт на интереси, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

2. Кандидатот Марија Андонова Стоименова ја информира Комисијата дека на 18 јули 2023 година има поднесено писмена оставка од функцијата член на Управен одбор во ЈОУГД „Кокичиња“ с.Таринци, општина Карбинци и истата ја приложи пред Комисијата.

*

* *

Седницата заврши во 11.25 часот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
КОМИСИЈАТА ЗА ЧОВЕЧКИ
РЕСУРСИ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

м-р Славица Грковска

**доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, член**__________

**Филип Николоски**, заменик член __________

**асс.д-р Маја Манолева**, заменик член __________

**м-р Даим Лучи**, заменик член __________

**Александар Бајдевски**, заменик член __________

Изработил: Емилија Л.Наумовска, советник
Елена Иванова, советник
Проверил: Родна Пангoвска, раководител на одделение
Контролирал: м-р Биљана Цоневска, помошник раководител на сектор
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор